View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk brought to you by CORE

**прегледен труд**

**УДК:** 2-264:398.3

# АМБИВАЛЕНТНОСТА НА МОТИВОТ НА ЗМИЈАТА

**Јасмина Мојсиева-Гушева**

*Институт за македонска литература*

*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

**Keywords:** motif of the serpent, archetype, semantics, ambivalent interpretations, myths, folk beliefs, rituals, dreams, literary achievements

**Summary:** This article deals with the semantic study of the motif of the serpent in various myths, folk beliefs, rituals, dreams, as well as literary achievements; in effect, with the goal to promote through practice a variety of different views and ambivalent interpretations. Its presence is seen as early as that of archaic societies, whence it had a significant mythical and religious meaning. What is particularly important in said context is that it is truly experienced in the rituals, through which, according to M. Eliade, it purports to explain some puzzling questions about human existence, among other things, how man was created, how to protect from evil, and how to continue our species.

Today, many prominent ethnologists, anthropologists, mythologists, and psychologists endeavor to discover, from different angles, the semantics and meaning of the archetype of the serpent. Their attempts have proven that the serpent occupies one of the leading positions when it comes to the interpretation of the two basic principles of humanity (a spirit of creation and of cognition). Although in terms of everyday life, the serpent is seen as a relic of the past, as a "sacred story" that lost its meaning, or even as a stage that has been overcome in the development of human thought; scientists and culturologists, however, treat this motif with special interest. They attach great importance to it mainly because of its visible presence in literature and other modern forms of spiritual achievement. This certainly speaksto the invaluable importance of this motif in the effort to understand man as a whole.

**Клучни зборови:** мотивот на змијата, архетип, семантика, амбивалентни толкувања, митолошки преданија, фолклорни верувања, обреди, сонови и литературни остварувања

**Резиме**: Трудот се занимава со семантичкото проучување на мотивот на змијата, во одделните митолошки преданија, фолклорни верувања, обреди, сонови и во литературни остварувања, промовирајќи низ практиката мноштво различни гледишта и амбивалентни толкувања. Неговото присуство го проследуваме започнувајќи од архаичните општества во кои овој мотив има забележително митско-религиозно значење. Она што е особено важно во тој контекст е тоа што тој одново вистински се доживува преку обредите, преку

кои, според М. Елијаде (Elijade,1970:14), се настојува да се објаснат одделни загадочни прашања за човековото постоење, меѓу другото, како настанал човекот, како да се заштитиме од злото и да го продолжиме нашиот вид.

Денес, многу видни етнолози, антрополози, митолози, психолози, настојуваат од различни агли да ја откријат семантиката и смислата на архетипот на змијата. Во нивните обиди за толкување се покажало дека змијата зазема едно од доминантните места, кога станува збор за толкувањето на двата основни принципи на човештвото (духот на создавањето и на спознанието).

Иако од аспект на секојдневното живеење, на змијата се гледа како на остаток од минатото, како на „света приказна“ што го изгубила своето значење, или како на надмината етапа во развитокот на човековата мисла, научниците и културолозите, сепак, овој мотив го третираат со посебен интерес. Тие му придаваат големо значење, пред сѐ, поради неговото забележително присуство во литературата и во другите современи форми на духовни остварувања. Тоа, секако, говори за непроценливото значење на овој мотив во напорот да се разбере човекот во својата целост.

Опколен од нејасните природни појави, првобитниот човек се стремел да ги открие причините за нивното настанување, преку сознавањето на нивниот вообичаен тек и компарирањето со сопствените добро познати особености. Во тоа сакрално време, тој не можел да најде рационално објаснување на фактите што му изгледале многу разбирливи на човекот од дваесеттиот век. Затоа тој се потпирал на митовите и на „светите приказни“, на кои им пристапувал од различни страни промовирајќи гледишта што меѓусебно се дополнуваат. На човекот, според К. Јунг (Jung, 1973:310), му се потребни општи идеи и уверување што ќе бидат смислата на неговото живеење и ќе му овозможат да го најде своето место во вселената. Во зачетокот на својот развиток, немоќен да го разбере светот поинаку, тој им припишувал некои свои способности на суштествата и на појавите што го опкружуваат, како на пример: разум, страст, збор и моќ да вршат добро и зло. Оттука потекнува неговата верба во духови што го движат светот како и верувањето за сродството меѓу првобитните човечки заедници, со одделни видови животни, што во науката е наречено тотемизам или братско сродство. Според тоа сфаќање, животните од определен род се поврзани со крвно сродство или пријателство, не само меѓу себе туку и со луѓето. И змијата се јавува како бог-заштитник кај многу примитивни племиња. Црнците од Западна Африка, на островот Фернандо По, кобрата ја сметале за свое заштитничко божество, кое им носи добро и зло, им дарува богатство и им испраќа болест и смрт. Фрејзер (Frejzer, 1977:193), во своето дело *Златна гранка,* го навел обредот на годишното убивање на

светата змија во Западна Африка. Змијата обично ја обесувале на највисокото дрво на плоштадот, со опашката надолу. Штом ќе завршел обредот на убивањето, сите деца родени во претходната година ја допирале со раце опашката на змијата. Целта на овој обред, наречен убивање на светото животно, била да се стават децата под заштита на племенскиот бог. Сличен ваков обред забележан е во Санадамбија, каде што верувале дека питонот, змиски цар, го посетува секое дете на кланот, во текот на првите осум дена по раѓањето. Истот обред бил практикуван и од племето Псили, каде што сите новороденчиња биле изложувани на змијата, верувајќи дека таа нема да им наштети, ако децата навистина му припаѓаат на кланот на змијата. Ваквите обреди им давале перспектива на племенските припадници, затоа што тие верувале дека преку нив го спасуваат од смрт видот на божеството кое го сметаат за нивна светост. Во своите размисли, тие го поистоветувале животот на одреден вид со животот на единките, претпоставувајќи дека единствено средство за избегнување на стареењето и на смртноста е да се жртвува еден член од светиот вид во цветот на маладоста, кој повторно ќе оживее и ќе внесе нова сила во целото племе (Frejzer, 1977:191). Следејќи ја целта на закрепнување и на подмладување, што е подалекусежна од нивната ограничена егзистенција, тие верувале дека ваквата постапка ги одржувала нивните животи, реинкарнирајќи го светото жртвувано животно во секој од нив, поединечно.

Во тоа сакрално време, човекот бил во допир со природата и оттаму црпел огромна емотивна енергија која го наведувала кон разни симболички асоцијации поврзани со неа. Освен во тотемските верувања, архетипот на змијата се јавува и во космогониските митови кои соопштуваат како, благодарејќи на дејството на натприродните суштества, една стварност го достигнува своето постоење. Во ваквите митови за настанувањето на светот, змијата ја има централната позиција - таканаречената оска на светот (axsis mundi) – која ѝ овозможува функционална инволвираност во прапочетокот на светот. Откривајќи ја пред нас својата создавачка моќ, било да се работи за целокупната стварност – космосот, или само за одделни негови фрагменти – земјата со своите релјеф, флора и фауна, змијата станува симбол на плодноста. Таа се споменува во индискиот мит (Erman, Temkin, 1981:28), каде што „првобитната состојба“, „универзумот“ е претставен во ликот на богот Вишну кој се смета за бог-заштитник на световите. Во него, „Вишну лежи неподвижен на илјадаглава џиновска змија Шеша, која плива по мирните води на млечниот океан“. Оваа змија е нарекувана Ананта, т.е. „отсуство на време – вечност“. И во

акадската митологија, преку убиството и распарчувањето на телото на чудовишниот лик Тијамат кој бил змија-творец (демиург), се создал универзумот (Чаусидис, 2005:214). Истата функција змијата ја имала и во пелазгиските митови за настанување на светот, каде што се споменува змијата Офион[1] која ја оплодила божицата на сите нешта Еуронома[2]. Во старата средоземна уметност, божицата Еуринима постојано била претставувана во придружба на оваа змија.

И во придружбите на другите божества раширен е симболот на змијата. Како пример го наведуваме мотивот на познатите две испреплетени змии од Нага, од Стара Индија. Според Р. Гревс (Grevs,1974:37), нив ги наоѓаме и во Стара Грција, како испреплетени змии на стапот што му припаѓал на богот Хермес[3]. Старогрчката Херма е камен столб со биста на богот. Од една страна се испреплетени змии, а од другата е издигнат фалус. Бидејќи се прикажани во чин на сексуално соединување, а издигнатиот фалус е, секако, сексуален симбол, можеме да извлечеме определени заклучоци за функцијата на хермата, како симбол на плодноста и на создавањето. Тој фалус продирал од познатото во непознатото, од хтонскиот во овоземниот свет, барајќи духовна порака за спас и за оздравување од некои болести или од телесни недостатоци.

Змијата е симбол и на грчко-римскиот бог на медицината Асклепиј (Ескулап). Изворно, тоа била неотровна змија, што е замотана околу дрвото или околу стапот на богот на лекувањето и претставувала некој вид посредничка меѓу земјата и небото. Во многу грчки лекувалишта

---

[1] Пелазгите, кои најверојатно се неолитски луѓе, преселени на Балканот од Палестина околу 3 500 година пред н.е., тврделе дека настанале од Офионовиот заб.

[2] Гревс наведува дека, отпрвин, Еуронома се подигнува гола од хаосот и ја одделува водата од небото. Играјќи осамена на брановите, таа го дофаќа северниот ветар, го зема меѓу дланките и ја создава големата змија Офион. „За да се загрее, Еуринома почна да игра сѐ побрзо и побрзо и кај Офион предизвика страст. Тој и се обви околу нозете и се спои со неа. Таа потоа зеде облик на гулаб и врз брановите го снесе космичкото јајце“ (Grevs, 1974:27). По нејзина наредба, Офион се обвивал околу јајцето седумпати и го греел, сѐ додека не се распрснало и не излегле децата на Еуринома: сонцето, месечината, планетите и ѕвездите, земјата со своите планини, реки, дрвја, растенија и животни. Еуринома и Офион го избрале Олимп за свој дом. Но, тогаш, Офион почнал да ја навредува Еуринома, фалејќи се дека тој сам ја создал вселената. Поради ова, Еуринома веднаш го згмечила Офион со петицата, а потоа го прогонила во подземјето, во мрачната пештера.

[3] Хермес како бог игра различни улоги. Тој е гласник, бог на патувањата, конечно водач на душите во долниот свет и назад. Првобитниот Хермес, во Египет бил познат како богот Тот со ибис на главата, а потоа е замислен во птичји облик. Во олимпиското време на грчката митологија, Хермес е обележан со птичја форма на кого што му е придодаден неговиот хтонски карактер како змија.

се чувале питоми змии, кои биле симбол на обновувањето, токму поради својството што змијата ја преслекува својата кожа секоја година. Процедурата на лекување се изведувала на неколку начини поврзани со особеностите на крвта на змијата, со нејзиното каснување или со нејзината способност да ги применува лековитите тревки. Според митовите (Grevs,1974:176), Атена му дала на Асклепиј две шишенца од крвта на медузата Горгона. Крвта од левата страна на медузата можела да ги оживува мртвите, а онаа од десната моментално уништувала секаков живот. Други митски приказни укажуваат дека жителите на островот Крит тврдат дека Асклепиј го повратил во живот Глаук, Минојовиот син, употребувајќи извесни лековити тревки, кои му ги покажала змијата додека тој уште бил во гробот (Grevs,1974:176). Постојат и верувања дека Асклепиј ги лекувал луѓето испраќајќи ја змијата да го касне болното место, за што сведочат некои антички релјефи (Jung, 1973:76). Инволвираноста на архетипот на змијата во лекувањето на луѓето, секако е поврзана со нејзината хтонска природа и космогониска функција. Митскиот начин на размислување, според кој животот може да биде обновен со симболичко враќање кон почетоците, лежи во основата на оваа поврзаност меѓу лекувањето и бликнувањето на животната енергија, што се случува единствено за време на создавањето на светот (Elijade, 1970:31). Идејата за сеопшто обновување, по пат на повторно оживување на космогонискиот мит во кој змијата игра значајна улога, алудира на сфаќањето дека нејзиното симболично појавување и егзистенција е од суштинско значење за првобитниот човек. И како сите симболи и овој има амбивалентно значење.

Амбивалентноста на мотивот на змијата се огледа во улогата што ѝ ја доделуваат боговите која не се состои само во благородни цели како што е лекувањето, туку и во бескруполозно спроведување на нивната волја, што честопати може да биде многу непријатна должност. Во прилог на ова тврдење ги наведуваме митовите за раѓањето на боговите Аполон и Артемида, кога љубоморната божица Хера ја испраќа змијата Питон да ја прогонува Лета по сиот свет и да не ѝ дозволи никаде под зраците на сонцето да ги роди децата на љубовникот Зевс (Grevs,1974:56). На идентичен начин, змијата ја користи и богот Аполон, кој сакајќи да го објави брзото паѓање на Троја, испраќа две огромни морски змии - Порка и Херибој. Излегувајќи на брегот, тие се обвиткуваат околу телата на синовите на свештеникот Лаокоон, кој ги предупредува Тројанците за лукавоста на Одисеј и за опасноста што им се заканува. Лаокоон се впушта да ги спаси синовите, а потоа и самиот ќе биде задавен (Grevs,1974:321).

Нејзината разновидна функција придонесува, понекогаш, во митолошкиот свет таа да биде претставувана во облик на невидени застрашувачки чудовишта. Во грчките митови, според Р. Гревс, трите најстрашни џинови се родени од мајката Геа. Со намера да му се одмазди на Зевс, таа му се подава на Тартар и набргу, во Коринтската пештера, го раѓа своето најмало дете Тифон, најголемото чудовиште на светот. „Од колковите надолу Тифон бил огромен сплет од змиишта, неговите раце имале безброј змиски глави наместо дланки“ (Grevs, 1974:134). Кога Тифон дошол на Олимп, боговите од страв побегнале дури во Египет и таму се претвориле во животни. Тоа било црвенооко чудовиште, со сто змиски глави и со глас што влевал страв. Слично чудовиште, кое влевало страв, била Горгонската медуза, која имала змии наместо коса, огромни заби и исплазен јазик и, воопшто, лице толку грдо што секој што ќе ја погледнел, се скаменувал од страв. Во митските слики, зад кој стои овој концепт на претставување на змијата, тежиштето е ставено на епско-херојското сиже т.е. на борбата меѓу хтонското суштество и опонентот кој се бори со јунакот, карактеристични за оние култури кои се наоѓале на еден почетен степен на цивилизација и на државност како што биле древните култури на Атина и на Вавилон.

Понекогаш, и самите богови се изненадени од вплеткувањето на змијата во текот на настаните. Таков е случајот со вавилонскиот еп „Гилгамеш“, каде што змијата се јавува како свирепо зло, кое на човекот му ја одзема бесмртноста. Од страниците на овој еп дознаваме дека од моментот кога умира неговот другар Енкиду, Гилгамеш си поставува за цел, да им ја подари бесмртноста на луѓето и започнува да бара начин да го оствари вечниот живот. Но, тревката на бесмртноста, за која Гилгамеш многу се измачил додека да ја најде, во еден момент на невнимание, му била украдена од змијата[4] (Гилгамеш, 1977:83). Верувајќи дека бесмртноста им е дадена само на боговите, додека на луѓето им е судено да умрат, Гилгамеш останува збунет пред прашањето дали далечниот Утнапиштим, кој му ја открил тајната за бесмртната тревка, самиот ја пратил змијата? Според толкувањата на социологот Арнолд Тојнби (Тојнби, 1970:137), во митолошките претстави, кога се работи за процесот на искушување, на Богот му е дадена можноста повторно да го создаде светот. Тогаш се нарушува божјата рамнотежа која може да се воспостави само на едно ново ниво

[4] Според митот, по крадењето на тревката, Гилгамеш веќе не се бунтува, не ја брка змијата, не се враќа повторно на бреговите на големото море, во потрага по нова тревка, туку се повлекува и тажи по својата загубена среќа.

- повисоко од претходното - со што се исполнува божјата цел да напредува во создавањето, без разлика на жртвата која се поднесува.

Змијата се поврзува и со она што црквата го нарекува прародителски наследен грев на Адам и Ева кои, поради непослушност, паѓаат во немилост Божја. Според библиската приказна, змијата успева да ја излаже жената, а жената – мажот велејќи им: „Нема да умрете ако јадете од дрвото што Бог ви го забранил, туку знае тој дека оној ден кога ќе го пробате ќе ви се отворат очите и вие ќе бидете како богови, кои разликуваат што е добро а што зло“ (Biblija,1969:2). Ваквите зборови ги поттикнуваат кај Ева љубопитноста и недовербата кон Севишниот наложувајќи ѝ неразумно однесување кое никогаш не ќе може да се поправи.

Размислувајќи на оваа тема, данскиот теолог и филозоф С. Кјеркегор (Кјеркегор, 1970:23-24) заклучува дека Адам и Ева на имагинарен начин го губат натприродниот Божји дар, да живеат безгрижно во рајот. Обидувајќи се да даде одговор на прашањето, зошто дошло до првиот грев, нагласува дека тоа е тајна со симболичко значење или апстрактна алегорија. Мотивот за грешното паѓање, од „Книгата на настанувањето“, денес се толкува како мит во кој карактеристична црта е гревот. Затоа Кјеркегор заклучува дека „Човек со длабока сериозност може да рече дека е роден во беда и дека мајка му во грев го зачнала“ (Кјеркегор, 1970:35). Но, и натаму останува неодговорено мистичното прашање зошто се крши забраната на Јахве, кога се знае дека тој е непроменлив во своите одлуки и акции.

Според современите психолошки толкувања на филозофот и социолог Е. Фром (Fromm, 1979:193), Ева, во чиј лик распознаваме жена супериорна над мажот, дава иницијатива да се јаде забранетото овошје, која Адам само слепо ја следи. Неговите толкувања упатуваат на фактот дека човекот, вообичаено, изворот на опасноста не го гледа во самиот себеси, туку прави проекција надвор од себе, па затоа во митот ја измислил змијата „која е поитра од сите животни во полето“ (Biblija,1969:2). Таа е динамичка сила, поттик што доаѓа однадвор, причина за гревот и за доаѓањето до нови сознанија. Во полза на овие тврдења, го наведуваме и податокот за вообичаениот модел на човечкото однесување во кој секоја забрана предизвикува љубопитност и желба да не се почитуваат наредбите, та оттаму произлегува дека грешното паѓање е неизбежно. Тоа е причината што ова предание останува да рефлектира низ вековите како опомена за непослушните.

Адам и Ева, пред Бога, се виновни, затоа што не одолеваат пред искушенијата што им ги приредува змијата, но таа е уште поголема

грешница од нив. Како што заклучува С. Кјеркегор (Кјеркегор, 1970:47), Бог не ја испраќа змијата, таа доаѓа сама вплеткувајќи се во односите човек - Бог. Затоа доаѓа до конфликт меѓу неа и Јахве. Нападот на змијата врз човекот воедно претставува и индиректен напад врз Бога. Според теолошки сфаќања, Бог никого не наведува на искушенија, ниту пак самиот може да биде доведен до таква ситуација. Сета вина лежи во змијата која успева да го прелаже човекот и затоа црквата смета дека таа е претставник на сатаната и непријател на Бога. Змијата е ѓавол, поточно - неа ја создал ѓаволот. Според преданијата од српскиот митолошки речник, Бог ја создал јагулата, а ѓаволот – змијата (Колушић, Пантелић, Петровић, 1970:144). Според други јужнословенски верувања, змијата настанала од коњско влакно, кое паднало во вода и оживеало (Вражиновски, 2000:191).

Змијата најчесто се опишува како студена и лута, поради што предизвикува страв и одбивност кај луѓето. Според Д. Морис (Morris, 1970:212), истражувањата вршени со цел да се определат десетте најомразени животни на луѓето, покажуваат дека на прво место на ранг-листата се наоѓаат змиите и пајаците. Уште Чарлс Дарвин има речено дека луѓето инстинктивно се плашат од змијата (Дарвин, 1931:91). Нејзиното каснување е смртоносно, но таа не е омразена затоа што е опасна, туку затоа што е лигава и гадна. Тоа значи дека тука се работи за некое симболичко значење на змијата, или за некое силно вродено реагирање кон тоа животно, кое нѐ тера да го избегнуваме. Во прилог на вистинитоста на ова истражување ќе го наведеме и верувањето дека змијата ги пие очите на мртовецот, третиот ден по закопот (Колушић, Пантелић, Петровић, 1970:144). Обично се избегнува да ѝ се спомене името, затоа што се мисли дека кој ќе го изговори - ќе биде каснат: колку пати ќе го изговори толку пати ќе се сретне со неа. Поради тоа луѓето ја нарекуваат со разни погрдни имиња (Колушић, Пантелић, Петровић, 1970:144).

Но, постојат и верувања за добри змии, кои народот ги нарекува чувар-куќа. Тие не само што ловат глувци туку од куќата ги бркаат и другите змии-отровници. По навод на С. Зечевиќ (Зечевић, 1981:107-109), се верува дека Бог ја поставил оваа змија за заштитник на куќата. Ако се убие змијата, тогаш некој од куќата мора да умре[5]. Верувањата на многу народи одат во прилог на оваа теза. Римскиот „genius lici“„ што го имала секоја куќа и се грижел за доброто и за злото, бил претставуван во облик на змија. Тракијците верувале дека мртвите

[5] Некогаш постоеле верувања дека човековата душа по смртта се инкарнира во змија, па затоа се мислело дека во змијата се наоѓа душата на митскиот предок, која може да биде црна или бела.

продолжуваат да живеат во облик на змија. Во Индија се верува дека домашните змии се живеалишта на умрените. Албанците веруваат дека куќната змија е добар домашен дух што носи среќа. Нашите верувања во заштитната моќ на домашната змија водат потекло од примитивните облици на религијата. Примерите покажуваат дека култот на домашната змија во себе го содржи култот на куќниот предок и спаѓа меѓу оние култови, што им претходеле на култовите на божествата во човечки облик. Трагите на култот на змијата во нашата традиција покажуваат дека тој бил многу силен, така што новите сфаќања не можеле во целост да го истиснат.

Во мислата на архаичниот човек, кој бил со ограничена моќ над природата, се преплетува симболот на змијата како суштество за почит кое во себе носи волшебна сила. Според српскиот митолошки речник (Колушић, Пантелић, Петровић, 1970:144), кога ќе виделе „шарена ќилимарка“, на жените им никнувале црвени влакна во косата, како знак на еротски желби. Поради тоа, во сите важни теми, поврзани со настанокот и со осознавањето на светот и на себеси, човекот ја вметнува оваа чудесна фигура што ја гледаме во некаква загадочна и амбивалентна светлина.

Амбивалентноста на симболиката на змиите се огледа во нивното претставување во некои од фолклорните творби. Подмолноста, алчноста, злобата и другите негативни човечки особини, во народите песни и приказни, им се припишуваат на змиите. Во македонската народна песна „Излегла змија голема“ (Пенушлиски, 1968:68), змијата се јавува како олицетворение на злото во ликот на Турци-одметници, кои му чинеле зулум на народот. Другпат, змијата се јавува како олицетворение на лоша жена. Примери за вакво споредување има многу. Водени од својата љубовна желба, многу јунаци, пристапувајќи ѝ на жената, не насетуваат дека се врзуваат за змија, од која не можат да се ослободат. За илустрација ја споменуваме песната „Милуш јунак и змија“ (Пенушлиски, 1968:150). Во народните приказни, човекот често го користи оружјето на змијата и затоа успева да ја победи. Тој ја лаже и успева да ја надитри. Борбата меѓу човекот и змијата е вечно присутна тема во фолклорот, тоа е борба меѓу злото и доброто.

Одделни волшебни змии се јавуваат во сосема спротивна улога, која се разликува од особините на нивниот род. Тие, во бајките, се јавуваат како добри змии, волшебнички, најчесто ќерки на змискиот крал. Кога човекот ќе ги избави од неволја, тие се благодарни и многукратно му се оддолжуваат. Во македонските народни приказни, чест е примерот кога змијата, поради благодарност, го наградува спасителот, давајќи му чудотворна моќ. Поради поднесениот страв,

поради близината на така опасното и одбивно суштество, поради храброста, пожртвуваноста, произлезена од добродушноста на јунакот, кој се осмелува на интимен контакт со змијата, тој ја добива својата награда. Во блиските односи на оној што е означен како лош и опасен, откриваме извесни спротивности. Оттука е разбирлив дуализмот на симболот на змијата. Нејзините подароци понекогаш се состојат од бакнеж или од волшебен прстен. Како што означува Д. Наневски (Наневски, 1982:58), и двата се еротски симболи, бакнежот како израз на љубов и прстенот како предмет што се подарува за да се оствари љубовта. Значи, змијата ја зачувала својата функција на плодност. Оваа нагласена сексуална функција, секако, не е случајна, за што сведочи и улогата на змијата во фолклорното творештво, каде што таа, често, се поврзува со сексуалната природа на човекот. Имено, во една македонска свадбарска песна, мајката изнесува тепсија, а во тепсијата шарена змија. Во нив, според Д. Наневски, можеме да ги распознаеме „небесните симболи на кругот и стрелата, од чии вкрстувања во љубовта се создава животот“ (Наневски, 1982:58). Тој наведува и едно древно верување дека змијата, кога ќе доживее четириесет години, се претвора во змеј[6], кој од своја страна е симболизација на млад јунак по кого што копнеат девојките. Овде е интересно и укажувањето од монголските верувања за анималната медијација: дека „орелот“-родоначалник влегува во земја, а потоа излегува од неа во облик на „змија“, како метафора на раѓањето и на смртта и како симбол на преобразба во нов дух на бесмртноста (Фолъклор, 1977:66).

Во некои народни приказни, змијата им подарува на јунаците моќ да ги разберат сите јазици на светот и да откриваат секакви тајни како во приказната „Овчарчето што ја извади змијата од огно и што му плукна во уста да знаи секакви јазици, што го најде азното од крала Богдана“ запишана од Цепенков (Цепенков, 1972:69). Понекогаш, таа има волшебна природа, во неа се маѓепсани принцези на моќни цареви. Во една полска приказна, принцезата маѓепсана во змија, му подарува на својот спасител неисцрпно богатство, наметка што ги прави луѓето невидливи, матарка во која водата никогаш не пресушува (Пољске бајке, 1974:87). На овој начин, преку змијата се остваруваат имагинарните желби на луѓето.

Со змијата, денес, се среќаваме во вид на симболи и на соништа. И покрај тоа што современиот човек не е во постојан контакт со неа, таа

---

[6] Етимолошки, според А. Афанасјев, во санскритот, „ahi“ значи „змија“, натаму еволуира во „azi“ или „a`i“, што е корен на персиското „ajdaha“, сосем блиску до „аждаја“. Во таа логика, уште во индиските свештени песни, добриот бог Индра се бори со демонот Вритру или „Ahi“, а победата донесува плодоносна, небесна вода.

сепак продира во неговото несвесно преку сонувањето. Познато е дека прастарите колективни искуства на човештвото се присутни во душата на индивидуата, иако таа лично не ги доживеала. Нивниот облик е наследен од правремињата, а поединецот само им дава конкретна содржина. Карл Густав Јунг (Jung, 1973:50) истакнува дека соништата се јавуваат како дополнение на несвесното, како предупредување или како патоказ за човечките емоции, мисли и желби. Во таа смисла, појавата на архетипскиот симбол на змијата најчесто се толкува како видлив еротски облик на змеј. Констатацијата на Афанасјев дека змејот го создале мечтите и стравот на девојките (Афанасьев,1868:612), се совпаѓа и со толкувањата дека во сонот на девојките, машкото тело се јавува со глава на змеј. Меѓутоа, во сонот, змијата може да се јави и како симбол на отровен фалус, кој се толкува како навестување на несаканиот секс. Ваквата симболика делумно ја објаснува омразата што луѓето ја чувствуваат кон неа. Имено, Д. Морис (Morris, 1970:213), во својата книга „Гол мајмун", истакнува дека проучувањата на разните степени на омраза кај децата доведува до заклучок дека омразата се појавува многу порано пред пубертетот.

Во архетипските слики, змијата се појавува како божество што го создава и го одржува животот, понекогаш таа е во улога на спасител, но, исто така, донесува смрт и пропаст. Змијата ги означува непријателите, власта и долгиот живот. Тоа е така, затоа што ја преслекува својата кожа и се подмладува. Таа, симболички, во соништата, означува и една година, поради кругот во кој се обвиткува. Може да значи и богатство, заради тоа што се верувало дека таа го чува. Понекогаш значи и смрт, борба со непријател. Симболите во соништата, според швајцарскиот психолог Ернст Апли, имаат различно значење (Aeppli, 1967:288). Не е доволно да се задоволиме со толкувањето на едно единствено значење, туку е потребно да се утврди смислата на симболите, врз основа на слободните асоцијации, кои се појавуваат во врска со латентната содржина на сонот и кои одговараат на вистинската психичка состојба во која се наоѓа сонувачот. За разлика од современата психоаналитичка теорија, во соновниците, секоја слика и симбол имаат определено значење, кое важи за сите личности, без разлика на нивното животно искуство и околностите во кои се одвива сонот. Така на пример, во египетскиот соновник, сонувана змија значи добро или богатство (Pongresa, Sandner, 1970:132). Ако те касне змија - значи зло, а ако ја убиеш змијата - значи добро ќе завршиш некоја работа. Змијата во сонот може да значи и болест што се прикрадува и непријател. Но, тука не се исцрпува нејзиното значење кое е многубројно, разновидно, повеќезначно, а

честопати и необично. Змијата, тоа ладнокрвно животно, со вито издолжено тело, од искона до денес, се вбројува меѓу животните што влеваат страв и фасцинираат. Човекот и денес се ужасува пред змијата, насетувајќи во неа некаква таинствена сила.

Овде се поставува прашањето од каде доаѓаат нашите противречни чувства кон змијата. Одговорот можеме да го најдеме во вообичаената човечка практика при барањето на вечните, општи вистини да се насочува кон употреба на симболите кои и самите се со амбивалентни значења, настанати низ годините на човековиот емоционален развој. Во реалистичните слики на нашиот човечки дух се откриваат многу примитивни црти, кои ја играат својата улога како ништо да не се случило во последните илјада години. Всушност, современиот човек е чудна смеса на долготрајниот духовен развиток. Затоа и неговиот однос кон симболот на змијата е многустран.

Неоспорно е дека постојат многу енигми, вкрстувања, врски и трансформации, кога станува збор за поврзаноста меѓу човекот и змијата. Од опишаното, тешко може да се изведе конкретен заклучок и докрај да се согледа вистината. Како последица на тоа, се среќаваме со многубројни противречности, кои во својот конечен вид ги откриваат природата на човекот и неговите дилеми. Овој широко распространет мотив ни ја открива бесконечноста на проблемите што ги третира еден симболички систем, кој никогаш не може докрај да биде објаснет. Мотивот на змијата е двосмислен и вечен, полн со некаква мистичност, нешто што никогаш докрај не може да се разбере и што кај човекот ги пробудува инкарнираните емоции, поттикнувајќи го на творечки однос, во сферата на неговото културно живеење. Поради тој допир со „несознајното“, природно е што овој универзален мотив нашол силен израз во митовите, во преданијата, во фолклорот и што има свои рефлексии во поезијата и во литературата.

**Литература:**

Афанасьев, А.1868. *Поэтические воззрения Славян на природу*. Москва.
Aeppli, Ernst.1967. *San i tumačenje snova*. Matica hrvatska:Zagreb.
*Biblija*. 1969. Stvarnost: Zagreb.
Вражиновски, Танас. 2000. *Речник на народната митологија на Македонците*. Институт за старословенска култура и Матица македонска: Скопје.
*Гилгамеш*. 1977. Македонска книга: Скопје.
Grevs, Robert.1974. *Grčki mitovi*. Nolit: Beograd.
Дарвин, Чарлс. 1931.*Човеково порекло*. Издавачка књига Геце Кона: Београд.
Eliade, Mircea. 1970. *Mit i zbilja*. Matica hrvatska: Zagreb.
Erman, V.G. Temkin E.N. 1981. *Mitovi stare Indije*. Rad: Beograd.

Зечевиќ, Слободан. 1981. *Митска бића српских предања*. Вук Караџић: Београд.
Jung, Karl Gustav. 1973. *Čovek i njegovi simboli.* Mladost: Zagreb.
Јунг, К.1977. *О психологији несвесног*. Матица српска: Београд.
Кјеркегор, С. 1970. *Појам стрепње*. Српска књижевна задруга: Београд.
Колушиќ, Ш., Пантелиќ Н., Петровиќ П. 1970. *Српски митолошки речник*. Нолит: Београд.
Morris, Desmond. 1970. *Goli majmun*. Epoha-Matice hrvatska: Zagreb.
Наневски, Душко. 1982. *Раѓање на метафората*. Мисла: Скопје.
Пенушлиски, Кирил. 1968. *Обредни и митолошки песни*. Македонска книга: Скопје.
*Пољске бајке*. 1974. Народна књига: Београд.
Pongresa, M.,Sander I., 1970. *Carstvo snova*. Naprijed: Zagreb.
Robinson, H., Vilson K. 1976. *Mitovi i legende starih naroda*. Rad: Beograd.
Тојнби, А.1970. *Истраживања историје том 1*. Просвета: Београд.
*Фольклор и этнография*. 1977. Сборник. Наука: Ленинград.
Frankfort, H. Vilson, H. A. Франкфорт, Х. и Х. А. Вилсон, Џ. Јакобсон, Т. 1976. *Od mita do filozofije*. Minerva: Subotica
Frejzer, Džjeims Džordž.1977. *Zlatna grana*. Beogradski izdavačko-grafički zavod: Beograd.
Fromm, Eruh. 1970. *Zaboravljen jezik*. Matica hrvatska: Zagreb.
Цепенков, М. 1972. *Народни приказни*. Македонска книга: Скопје.
Чаусидис, Никос. 2005. *Космолошки слики (Симболизација и митологизација на космосот во ликовниот медиум)*. вол.1. Југореклам: Скопје.